ПОВЛЕКУВАЊЕ НА САД ОД АВГАНИСТАН | ОБРАЗОВАНИЕ И ЕДУКАЦИЈА НА НАТО | „REPUBLIC P – 47 THUNDERBOLT" | „ALENIA AERMACCHI M-346 MASTER"

# ШТИТ


Број 141
Јули 2021

ISSN 1857-6710


МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА




## Република Северна Македонија првпат како земја членка учествуваше на Самитот на НАТО



# духопловниот ВИНГ

резултати за почит. Во обраќањето им порача на припадниците на единицата со примена на досегашното стекнато искуство да продолжат со остварувањето на целите во имплементирање на поставените задачи кои произлегуваат од членството во НАТО. Во тој контекст го посочи и Скваронот за обука и тренинг од состав на единицата кој има задача да обучува нови пилоти и воедно е деклариран во Флајт тренинг иницијативата за обука на пилоти за потребите на земјите членки на НАТО. Командантот на КО, бригаден генерал Бесник Емини, честитајќи го денот на единицата истакна дека единицата е одлично оспособена и обучена за својата мисија и задачи и за низа други предизвици со кои се соочуваше во минатото на кој секогаш одговараше со успех. Притоа, истакна дека припадниците на единицата секогаш се со граѓаните, помагајќи во најтешките моменти за време на природните непогоди. Оддавајќи признание за покажаните резултати тој го искажа очекувањето да продолжат со исто темпо и посветеност. Пред стројот беа прочитани стимулативни мерки од НГШ и од командантот на КО, со кои на припадници од единицата кои се истакнале во работата им се доделуваат стимулативни мерки. Во рамки на воената свеченост, се реализираше прелет на воздухоплови „Ф-16“ од грчкото Воено воздухопловство, како дел од воздухопловното патролирање на НАТО, по што следуваше и прелет на дел од воздухопловите со кои располага воздухопловниот ВИНГ.







# содржина

ШТИТ ■ година XIII ■ број 141 ■ јули 2021


Инфо 5

На прва линија
**Критична инфраструктура: ЕУ димензија, закон, стратегиски и институционален пристап** 6

Глобал
**Повлекување на САД од Авганистан** 9

НАТО активности
**Образование и едукација на НАТО** 12

Мировни мисии
**Под знамето на ОН Иницијативата „Акција за одржување на мирот“** 14

Вежби
**Балкански медицински наменски сили (БМНС)** 20

Воени музеи
**Музеи посветени на Денот „Д“ – втор дел** 24

Вооружување
**„Republic P – 47 Thunderbolt“** 26

Вооружување
**Француски тенк „Leclerc“** 32

Вооружување
**Авион „Alenia Aermacchi M-346 Master“** 34

Низ воената историја
**Развој на артилериското вооружување** 42

Легендарни македонски пилоти
**„Аеропландски утакмици“ Натпревари помеѓу најдобрите воени пилоти** 46

Филм
**„Шиндиси“** 56

**Тетовското Кале – Ретка убавина од минатото во Тетово** 58

# Максимална транспарентност и соработка со граѓаните

Институциите поврзани со одбраната и безбедноста на државата најчесто се сметаат за институции кои не се целосно отворени за јавноста и кои голем дел од своите активности ги скриваат зад превезот на класифицираност и тајни активности со кои не треба да бидат целосно запознаени ниту обичните луѓе ниту медиумите.
Сепак, развојот на демократијата подразбира транспарентност и отчетност во секој сегмент на функционирањето на општеството, што подразбира и отворање кон јавноста и на овие институции. И, еве, веќе втора година по ред Министерството за одбрана на Република Северна Македонија го покажува напредокот на ова поле, односно втора година по ред Министерството е рангирано на првото место според Индексот на активна транспарентност на Центарот за граѓански комуникации, пред сите државни и локални институции, а оваа година за прв пат со освоени максимални 100%. Тоа е напредок за цели 40 позиции во споредба со 2017 година и резултат подобрен за високи 53%.
Министерството за одбрана ги надмина сите бариери и стереотипи за институција која работи конспиративно и покажа дека успехот и добро завршените задачи и остварени цели се должат и на отвореноста и подготвеноста да се соработува со медиумите и со пошироката јавност. Во анализата на Центарот за граѓански комуникации е подвлечено дека Министерството за одбрана е прво министерство кое ги освои максималните 100% во активна транспарентност од почетокот на рангирањето во 2016 година, што навистина нè прави горди на толку бргу постигнат висок напредок во однос на активната транспарентност.
Министерството за одбрана и неговата раководна структура изминатиов период самоиницијативно ги објавуваа сите информации за своето работење. На веб-страницата на Министерството за одбрана се достапни сите документи за работата на Министерството кои се од јавен интерес – јавните набавки, буџетот, стратегиските документи, платите на функционерите и раководството на институцијата и сите информации од јавен карактер, обединети на посебната потстраница на веб-страницата под наслов „Јавноста има право да знае“.
Министерката за одбрана Радмила Шекеринска во врска со овој успех во транспарентноста на Министерството за одбрана истакна „После само три години, од една од најзатворените институции во државата направивме шампион во транспарентност, со цели 100 поени или 100 проценти, според анализите на активната транспарентност на невладините организации кои веќе години по ред ги анализираат институциите. Тоа е огромен комплимент и признание на многу луѓе во Министерството за одбрана, за мене лично, но и за Владата, којашто политиката на транспарентност ја постави на високо ниво – како еден од своите приоритети“.
Промените во начинот на функционирањето и соработката со јавноста и народот во рамките на Министерството за одбрана може да се видат и преку поддршката на Министерството на дејности кои во минатото не биле поврзувани со одбраната. Таков пример за позитивно придвижување, приближување и поддршка на различни сегменти од општествениот живот со одбраната, беше неодамнешното примопредавање на простории за вежбање во Домот на Армијата во Скопје на користење на студентите по модерни танци од истоимената катедра при универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Според министерката за одбрана, политиката на транспарентност значи и отвореност за најразлични интереси на граѓаните.

д-р Жанет Ристоска


Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
**м-р Иван Атанасоски,полковник**

Заменик-претседател на Издавачкиот совет
д-р Тони Петрески

Членови на Издавачкиот совет:
Лидија Јанчова Христова
Соња Крамарска
Афрдита Волина
Тони Јаневски,потполковник
Лилјана Петреска,потполковник
Виолета Костадинова,потполковник
Билјана Иванова
д-р Жанет Ристоска

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:
Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
Ксенија Митева
(лектор)
Кристина Илиевска
(новинар, фотографии)






ШТИТ
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

**Излегува еднаш во месецот на web-страницата на Министерството за одбрана www.mod.gov.mk**

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
www.mod.gov.mk;



Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.







# Повлекување на САД од Авганистан
## Мир или продолжен конфликт

Во период од 1996 до 2001 г., транснационалната терористичка група „Ал Каеда“, предводена од нејзиниот водач Осама бин Ладен, се стационираше во Авганистан. Таа воспостави кампови за обука на терористи, регрутираше и обучуваше околу 20.000 милитанти од целиот свет. По терористичките напади во САД на 11 септември 2001 г. меѓународната заедница побара од Талибанците да ги предадат одговорните, но тие одбија. Следниот месец авганистанските антиталибански сили познати како Северна алијанса напредуваа кон Кабул, поддржани од американските и британските сили, ги срушија Талибанците од власт и ја протераа „Ал Каеда“ преку границата со Пакистан. Оттогаш од Авганистан не е планиран ниту реализиран ниту еден меѓународен терористички напад. Тоа значи дека, тргнувајќи од намерата за сузбивање на меѓународниот тероризам, западното воено и безбедносно присуство во Авганистан ја постигна својата цел. Во јануари 2002 г., Бајден беше првиот член на Конгресот во САД кој го посети Кабул. Вознемирен од ситуацијата на теренот Бајден се обиде Авганистан да го внесе во современиот свет. Тој чувствуваше одговорност и од морална и од геополитичка смисла дека ако напаѓате одредена земја и во неа интервенирате воено, тогаш имате одговорност да ја оставите подобро отколку што сте ја нашле. Но, откако Вашингтон го насочи вниманието кон Ирак, во Авганистан работите

> Што значи повлекувањето на САД за Авганистан? Дали ќе значи мир по 40 години граѓанска војна и странски интервенции? Силите на САД заминуваат, а во земјата сè уште не е постигнат мир. Според претседателот на САД, Џо Бајден, војната во Авганистан никогаш не требаше да биде повеќегенерациски потфат и време е да се стави крај на вечната војна. Сето тоа може да го забрза и крајот на војните против другите терористички групи, како „Исламската држава“

почнаа сериозно да се влошуваат. Во февруари 2008 г., Бајден го посети Авганистан, обидувајќи се да се справи со корупцијата во владата на Карзаи. Тој побара од тогашниот претседател на САД, Обама, да го одложи распоредувањето и зголемувањето на нови сили на војската на САД на скоро 100.000 војници. Неговата визија беше дека кога располагате со ограничени ресурси, треба скромно да ги дефинирате своите цели. Очигледно е дека присуството на американската војска и нејзините сојузници во Авганистан одигра клучна улога во борбата против вооружените групи. На врвот на авганистанската кампања во 2011 г., повеќе од 98.000 американски војници и околу 41.000 коалициони трупи беа распоредени во земјата. Повеќе од 300.000 претставници на одбранбените сили и Министерството за внатрешни работи на Авганистан даваа поддршка. Покрај тоа, во истиот период, околу 120.000 приватни изведувачи работеа во Авганистан, од кои 23.000 беа вработени во приватни воени компании, кои соработуваа со Министерството за одбрана на САД. Овие сили несомнено спречија зајакнување на голем број екстремистички групи, од кои две претставуваат посебна закана за регионалната и меѓународната безбедност: Талибанците, и во последниве години, регионалниот огранок на терористичката организација „Исламска држава“. Во 2014 г., НАТО издаде декларација со која се потврдува дека авганистанските безбедносни сили ќе преземат одговорност за безбедноста на земјата до крајот на годината. Меѓутоа тоа во реалноста никогаш не се случи, односно специјалните сили на САД и силите на НАТО, во улога на советници на авганистанските сили, многу често ги предводеа воените операции. Во 2015 и 2016 г. Талибанците извојуваа голема победа во Кундуз, Хелманд и на други места. Во периодот од 2017 г. до 2019 г., тие се соочија со американските специјални сили и воздушни напади со беспилотни летала, при што претрпеа големи загуби. Присуството и активностите на 14.000 американски војници ги парализираа Талибанците, и за нив беше јасно дека се додека трупите

на САД се присутни во Авганистан, тие нема да можат да остварат воена победа. Оваа консталација на ситуацијата нудеше барем малку надеж дека мировните разговори може да доведат до постигнување на компромис. Но, во 2020 г. ситуацијата значително се промени. Во февруари 2020 г., американскиот претседател Доналд Трамп склучи договор со Талибанците за повлекување на сите трупи на САД и НАТО, до 1 мај 2021 г., во замена за одредени гаранции во борбата против тероризмот, намалување на насилството и започнување на мировните преговори. Беше договорено дека САД ќе повлечат 8600 војници во рок од 135 дена. Откако во септември 2020 г. започнаа авганистанските мировни преговори, САД повлекоа околу 4500 војници, овозможувајќи постепено напредување на Талибанците и поголемо влошување на состојбата. Околу 3500 Талибанци ги нападнаа селата околу градот Кандахар, преземајќи контрола над регионите како што се Аргхандаб, Панџваи и Зареј. Овие региони кои што претходно беа под контрола на авганистанските војници и полицајци, Талибанците ги заземаа за два дена. Американските и авганистанските сили одговорија на офанзивата на Талибанците со воздушни напади и контраофанзива со специјалните сили. И покрај тоа, Талибанците напредуваа кон градот Кандахар, кој е втор по стратешко значење.
Во моментов Талибанците напредуваат, а нивната бројна состојба во споредба со 2018 г. која беше околу 80.000, е поголема. Тие се добро вооружени, со запленета опрема и оружје од авганистанската армија, а во нивниот состав се и силите за брза реакција - „Црвени единици“. На другата страна од конфликтот, авганистанските владини сили се дезорганизирани. Авганистанската национална армија, која треба да биде ’рбетот на одбраната на земјата, и полицијата која треба да се справува со нападите на Талибанците, функционираат со ограничени капацитети, а сето тоа е поради големата корупција и неможноста за замена со нов персонал. Најефективни авганистански единици се силите за специјални операции, кои заедно со преостанатите сили на САД се обидуваат ситуацијата да ја држат под контрола. Сепак, многу е тешко конвенционални сили да се справуваат со непријател кој користи самоубиствени тактики и разорни импровизирани експлозивни направи. Во септември 2020 г. во Доха,Катар, започнаа мировните преговори помеѓу Талибанците и авганистанската влада, но за жал завршија без успех. Во тој период, настаните во Авганистан добија драматичен пресврт. Во согласност со договорот што го склучија со Талибанците во февруари 2020 г., САД повлекоа илјадници војници од земјата оставајќи безбедносен вакуум кој што милитантите веднаш го искористија. Талибанците преку изведување на офанзивни операции, освоија голем дел од територијата. Очекувањата се дека сите преостанати американски трупи ќе го напуштат Авганистан до 11 септември 2021 г.. Меѓутоа администрацијата на Бајден треба да се соочи со последиците од целосното повлекувањето на трупите според договорот со Талибанците и потребата за контрола на теренот за сузбивање на терористичката закана. Влошувањето на состојбата на теренот, заедно со лошите изгледи за успешен мировен процес и повлекување на САД, ќе значи разгорување на конфликтот и зајакнување на позицијата на Талибанците.
Авганистанската влада сè уште ги контролира градовите низ државата, но очигледно не за долго. Талибанците и ќелиите на терористичката организација „Исламска држава“ се инфилтрирани во Кандахар и Кабул. Во случај да се оствари најавеното повлекување на сите американски трупи до септември, Талибанците веројатно за неколку месеци ќе го освојат поголемиот дел од јужниот и источниот дел на земјата. Владата со силите за специјални операции можеби ќе успее да го спречи падот на Кабул, но без поддршката од САД, политичката влада и силите за специјални операции на Авганистан нема да можат сами да опстојат. Доколку САД одлучи да остане во Авганистан, веројатно ќе го спречи падот на Владата во Кабул и ќе ги обезбеди американските интереси за борба против тероризмот. Со оглед на тоа што Талибанците со своите активности постигнаа предност во период кога сè уште на теренот беа присутни американските сили, најверојатно тие нема да запрат и ќе напредуваат. Моменталната ситуација е покомплицирана во однос на состојбата пред една година, а САД зад себе оставаат еден нерешен конфликт.
Може да заклучиме дека денес ситуацијата во Авганистан не е целосно под контрола. Финансирани од продажба на опиум и од страна на пакистанската разузнавачка служба, се претпоставува дека Талибанците имаат контрола над половина од земјата. Тие се во состојба слободно да напаѓаат дури и во главниот град на Авганистан, Кабул, особено затоа што милитантната група длабоко се инфилтрира во деморализираните авганистански сили за национална безбедност. Според анализите на Пентагон и американската разузнавачка заедница, постои одреден страв дека предвременото и пребрзото повлекување на силите на САД од Авганистан, може да предизвика ситуација слична на состојбата во Ирак во 2011 г., кога по повлекувањето на САД терористичката организација „Исламска држава“ веднаш се реинкарнираше. Следниот ризик е враќање на позициите пред нападите на 11 септември, односно повторно соочување со талибанската



влада која повторно може да ја привлече терористичката организација „Ал Каеда“. Директорот на ЦИА, Вилијам Барнс, пред Конгресот заклучи дека „кога ќе дојде време за повлекување на американската војска, ќе се намали способноста на американската влада да дејствува врз новоформираните закани, а војната нема да се заврши со повлекување на силите“. Во Авганистан, САД загубија скоро 2500 војници и имаа над 20.000 ранети, а од инвазијата на САД на 7 октомври 2001 г., војната ги чини околу 2,26 трилиони долари. Голем влог во нација која што беше неповратно скршена, управувана од средновековните воени лидери со милитантен екстремистички сензибилитет. Договорот со Талибанците предвидува американските трупи да заминат од Авганистан, а Талибанците да не ја прифатат „Ал Каеда“ и да започнат мировни преговори со авганистанска влада. Без силното воено присуството и моќта на САД малку е веројатно дека дипломатските напори ќе успеат да придонесат договорот да се почитува. Сепак постои и загриженост дека Талибанците може да започнат напади против сите американски и НАТО сили кои ќе останат во Авганистан откако ќе истече рокот за повлекување, што може да доведе до ескалација на насилството, причина за одмазда на САД, па дури и испраќање дополнителни војници во регионот. Политичката одлука САД да се повлече од Авганистан се поврзува и со 20-годишнината од терористичките напади на 11 септември. Јасно сака да се испрати пораката за успешно извршена мисија, но факт е дека САД го напуштаат Авганистан во ситуација слична како што го најдоа пред две децении, со талибанците во подем и Ал Каеда која работи на авганистанска територија за да се прегрупира во своето историско безбедно прибежиште. Повлекувањето на американските трупи од Авганистан, освен што ќе ги разбуди старите, ќе предизвика и нови безбедносни закани, но ќе доведе и до економски последици во регионот. Засега нема информации колку долго и во колкава мерка ќе остане надворешната поддршка за Авганистан по завршувањето на повлекувањето на САД. Исто така е непознато дали некои други надворешни актери се подготвени да го пополнат безбедносниот вакуум во регионот. И конечно, тука не станува збор само за материјална поддршка за авганистанска влада, туку за гарантирање на безбедноста на инфраструктурните проекти во регионите на земјата, како и контрола на границите и нелегалните трговски текови. Американските трупи забрзано ги напуштаат јужните провинции на Авганистан - срцето на Талибанците. За да имаат простор за евентуална интервенција САД се во потрага по база во регионот, позиција од каде ќе може да ги следи непријателските групи. Узбекистан и Таџикистан се предложени како можна опција, но руското влијание во Централна Азија ги прави тешко достапни. По обидот Пакистан да отстапи база на САД, Талибанците веднаш се заканија дека секоја влада што ќе обезбеди база на САД, ќе се соочи со „големи проблеми“. На почетокот на мај 2021г., Талибанците нападнаа неколку провинциски центри. На југ, Талибанците започнаа масовни напади на повеќе фронтови насочени против Лашкар Гах, центарот на провинцијата Хелманд, каде што американските и британските сили претходно водеа тешки воени кампањи против Талибанците. Според авганистанскиот генерал Атикулах Амирхил, доколку авганистанската армија успее да ги одбрани провинциските центри во период од 2 до 3 месеци, Талибанците ќе го изгубат моралот за борба против авганистанската армијата. Во Кабул странските амбасади започнаа да ги намалуваат вработените и да ги затвораат своите канцеларии. САД први го намалија персоналот, за по нив и Австралија да објави дека ќе ја затвори амбасадата во Кабул заради безбедносни проблеми.

„ Ал Каеда“, „Исламска држава“ и другите милитантни групи не исчезнаа. Напротив, тие воскреснуваат и се охрабрени од претстојното заминување на последните преостанати западни сили. Во моментов поверојатно е дека Авганистан ќе се врати во 90-тите години на минатиот век, кога беше плодна почва за ширење на милитантниот екстремизам, а нов бран на странски терористички борци од Запад ќе патуваат во Авганистан за обука. По ова ќе следи вовед во нова ера на конфликтот, со индиректно учество на надворешни актери, создавање на хуманитарна криза во Авганистан, која може да се прелее и на другите централноазиски нации, вклучувајќи го и нуклеарниот вооружен Пакистан. Сепак, покрај сѐ, ни преостанува да се надеваме дека владата во Кабул ќе склучи мировен договор со талибанските бунтовници, а мировниот процес ќе стане национален интерес кој ќе се води без надворешно влијание.

По нападите на 11 септември, американскиот претседател Бајден, тогашен претседател на Комитетот за надворешни работи на Сенатот, сметаше дека идејата за градење на нацијата во Авганистан е ентузијастичка, без разлика што ќе чини милијарди долари. Тогаш Талибанците беа поразени, а кратката војна позната како операција „Трајна слобода“ беше извојувана за само еден месец. Прашањето кое се поставуваше беше што ќе се случи со Авганистан потоа



д-р Ненад Танески